GS1 Македонија




# GS1 Свежа Храна

## Решенија за Попаметен, Посвеж и Побезбеден Синџир на Снабдување

Една третина од храната произведена во светот наменета за исхрана на луѓето се губи или фрла секоја година – изјавија претставниците на Организацијата за Храна и Земјоделство на Обединетите Нации.

Според IBM вредноста на свежата храната која се фрла поради расипување се проценува на 354 милијарди 354 € годишно.

Индустријата за свежа храна сѐ повеќе ориентира кон GS1 за поддршка и насоки за креирање на програми за Менаџирање со Свежата Храна и Безбедност на Храната за да се намали отпадот и за да може на потрошувачите да им се испорача единствено свежа и безбедна храна.

## Бенефити од GS1 Стандардите за Свежа Храна и GS1 DataBar

GS1 е партнер на своите компании членки во креирањето на програмите за Менаџирање со Свежата Храна и Безбедност на Храната, овозможувајќи поширока примена и бенефити.

Почуствувајте ја можноста за автоматско обележување на производите на наплатните места или запирање на продажба на отповикан производ или со изминат рок на траење.

GS1 Стандардите за Свежа Храна и GS1 DataBar овозможуваат:

- Намалување на отпадот од храна
- Добивање на повеќе податоци на наплатните места
- Секогаш само свежи производи на полиците

GS1 DataBar бар кодовите обезбедуваат специфична идентификација на производите и дополнителни информации за свежите производи со променливи мерки.

## Зошто треба да се имплементира GS1 DataBar?

- Добивање на динамични податоци на продажно-наплатните места.
- Овозможување на Автоматско означување и управување со датумите на рокот на траење на POS.
- Овозможена Следливост, не само до POS, туку и до самиот потрошувач преку користење на програми за потрошувачки картички за лојалост.

GS1 Стандардите за Свежа Храна се водич и ве насочуваат како да преминете од користењето на Броевите за Ограничена Употреба (Restricted Circulation Numbers - RCN) во користење на GTIN за трговски единици со променливи мерки, како и за развој на употребата на GS1 DataBar Симболите и обработка на дополнителните податоци на POS.



## Создавање на Попаметен, Посвеж и Побезбеден Синџир на Снабдување

Во Индустријата за Свежа Храна последниве неколку години се случува вистинска револуција – од водење на бизнис на хартија и преку телефон до целосна стандардизација и користење на технолошките иновации.

Водењето сметка за безбедноста на потрошувачите и Следливоста им наметна потреба на продавачите на големо и мало да бараат повеќе информации за атрибутите на производите покрај основната идентификација на производите. Нашата мисија е остварување на партнерство со нашите компании членки и помагање со цел да креираат програми за Менаџирање со Свежата Храна и Безбедност на Храната, како и да се овозможи ефикасно и безбедно функционирање на синџирот на снабдување со свежа храна.

Како помош на GS1 компаниите членки во оваа мисија, ние го создадовме GS1 AIDC Водичот за имплементација за Свежата Храна која се продава на продажно-наплатните места. Овој водич ќе ве води низ промените на вашите бизнис процеси потребни развој на примената на Стандардите за Свежата Храна и GS1 DataBar, правејќи го вашето производство на Свежа Храна – попаметно, побезбедно и со помалку загуби (ослободување од храната поради намален квалитет).

## Како да се започне?

Идентификувајте ги вашите Бизнис потреби:
Автоматско обележување (впишување и отпишување на производите на продажно-наплатните места, стопирање на продажбата на отповиканите производи или подобрено надополнување на залихите?



Системот на денешницата за справување со променливите мерки кај свежите производи кој се потпира на генеричките податоци не соодветствува со дефинициите за ефикасен и безбеден синџир на снабдување.

Оценете ја вашата подготвеност:
Направете проценка на вашите хардвер и софтвер системски способности за примена на GS1 стандардите и баркодовите, со цел да се импелементираат GS1 апликациските стандарди за свежа храна и GS1 DataBar на вашите POS.

Можете да прочитете повеќе или да го симнете Водичот за имплементација на веб страната:
За англиската верзија: http://www.gs1.org/freshfoods
Содржините на македонски се подготвуваат :
http://gs1mk.org.mk/Kontakti.aspx

gs1mk@gs1mk.org.mk
www. gs1mk.org.mk

© GS1 Македонија® 2013, GS1 Македонија е членка на GS1 AISBL® од 1994
GS1® е заштитена трговска марка на GS1 AISBL®